ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ СКОПЈЕ

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige



# ФЕМИНИСТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ!

„ФЕМИНИСТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ!“
2025-2026

Живееме во ера кога родовата еднаквост, идејата за културната конструираност на родот и вклучување на родот во главните текови (gender mainstreaming) многу од активистките и жените кои професионално се занимааваат со темата, не ја препознаваат врската меѓу феминизмот и родовата еднаквост. Концептот на „род“ (gender) е производ на третиот бран феминизам, при што Џудит Батлер, автор/ката на Gender Trouble, и денес себеси се опишува како феминистички филозоф/ка. Зошто е тоа така и зошто толку млади денес мислат дека концептот на род е некако одвоен од феминизмот? Кои се корените на тој поим? Но и во кој правец одат трендовите на родовата и феминистичка теорија во првите децении на 21 век? Повеќето од нас, сè уште оперираат со дефиницијата на род (наспроти „пол“) креирана во 90-тите и на почетокот на 2000-те. Но денес, се случуваат многу новини кои ја реконструираат и проширувaат оваа концепција и за кои малку знаеме (како ксенофеминизам, феминистички материјализам и слично), и тоа од теорија (академска средина) во пракса (активизам). Ќе понудиме поглед кон корените, историјата на феминизмот и родовите студии, но и вовед во сегашноста која гледа кон иднината, поставува нови хоризонти на разбирањето на концептот на род и критиката на патријархатот

*12 Ноември 2025 / 18 часот*

**Катерина Колозова**

**„Вовед во основите на феминистичките студии, вклучувајќи кратка историја на идеите и движењата“ (прв дел)**

*13 ноември 2025 / 18 часот*

**Катерина Колозова**

**„Вовед во основите на феминистичките студии, вклучувајќи кратка историја на идеите и движењата“ (втор дел)**

*14 Ноември 2025 / 18 часот*

**Катерина Колозова**

**„Главни интелектуални идеи и нивните политички влијанија во 21 век: третиот бран на феминизмот, ксенофеминизмот и новите феминистички материјализми“**

*26 Ноември 2025*

**Катерина Колозова**

**„ Феминизам, технологија и киберфеминизам“**

*3 декември 2025 / 18 часот*

**Ирена Цветковиќ**

**„Превод на родовата и феминистичка теорија во акција“**

*10 декември 2025 / 18 часот*

**Викторија Боровска**

**„„Феминистички перспективи на мајчинството“**

*17 декември 2025 / 18 часот*

**Ана Блажева**

**„Феминистичка перспектива кон кризата со менталното здравје“**

*20 јануари 2025 / 18 часот*

**„Презентации на партиципантите“**

**Модератор: Дона Колар – Панов**

**КАТЕРИНА КОЛОЗОВА**

*Вовед во основите на феминистичките студии, вклучувајќи кратка историја на идеите и движењата*

*Главни интелектуални идеи и нивните политички влијанија во 21 век: третиот бран на феминизмот, ксенофеминизмот и новите феминистички материјализми*

*Феминизам, технологија и киберфеминизам*

Главното разбирање за креирање политики и анализа на политики кога станува збор за род и неговото вклучување е усогласено со пост-90’ парадигмата на она што вообичаено се нарекува конструктивизам („родот е конструкт“), интерсекционалност и феминизам на третиот бран (кој, чудно, често се изедначува со „теорија на родот“ која, според помалку информираните, воопшто не го вклучува феминизмот). Оваа претпоставка ја обликува целта на курсот (серијата на трите подолу предложени сесии). Општа цел е да ги преиспитаме корените, развојот и денешните значења концептите што многу млади професионалци и активисти за родова еднаквост ги користат и разбираат спонтано, без доволно разбирање засновано на академски рамки, особено оние кои земаат замав од 1990 до денес. Сакаме да овозможиме разбирање на историјата на идеите зад сегашните авторитетни академски, активистички и професионални дебати за ова прашање. Преку призмата на споменатото современо разбирање и утврдена употреба на терминологијата, ќе ја разгледаме историјата на идеите, поаѓајќи од денес и движејќи се назад до просветителството. Денес, со појавата на ксенофеминизмот, поврзан со акцелерационизмот, а и со новите феминистички материјализми и реализми (Карен Барад, Џејн Бенет, Утрехт школата на Ирис ван дер Туин, и други), како и враќањето на феминизмот кон марксистичката парадигма (Ненси Фрејзер, Софи Луис и други)

**Пристап** (во пренесувањето и размена на знаења): секогаш ќе дискутираме

споредбено што значи еден поим денес (на пример, родова еднаквост) и што можел да значи за време на првиот и вториот бран на феминизмот. Или што точно се мисли кога се вели „родот е конструкт“: ќе го разгледаме потеклото на оваа идеја и придружните концепти на антиесенцијализам, перформативност итн. Ова се поими поврзани или директно произлезени од епистемолошката рамка на постструктурализмот. Сепак, ние тврдиме дека феминизмот и промислувањата на темата „род“ (дури и пред „род“ да се усвои како термин во техничка смисла на зборот, во рамки на третиот бран) биле „конструктивистички“ низ целата историја на нивното постоење, од Волстонкрафт до денес. Епистемата на третиот бран е поставена првенствено од Џудит Батлер во 1990 година, иако Батлер не е единствената – сепак Gender Trouble ги поставува темелите за конструктивизмот, (родовата) перформативност, за „интерсекционалноста“ (иако Креншо [Kimberlé Crenshaw] го воведува терминот во неговото тесно значење, епистемолошката основа е постструктурализмот чиј врв е Gender Trouble – оттука наводниците). Постколонијалната и културната критика нераздело испреплетена со родот.

***Литература:***

Butler, Judith. 1990. *Gender Trouble*. London/New York: Routledge (поглавје по ваш избор, или само Воведот и првото поглавје)

Kolozova, Katerina. 2022. “Poststructuralism.” In Asta and K. Hall (eds.), *Oxford Handbook of Feminist Philosophy*. Oxford UK: Oxford University Press.

Laboria Cuboniks, Xenofeminist Manifesto (2015), достапно на https://laboriacuboniks.net/ (можно е Маргини или Медуза да го имаат во македонски превод).

Колозова, Катерина (ур.) *Хрестоматија на класични текстови од областа на родовата теорија*. Скопје: Евробалкан Прес: 2002.

**ИРЕНА ЦВЕТКОВИЌ**

*Превод на родовата и феминистичка теорија во акција*

Предавањето „Превод на родовата и феминистичка теорија во акција“ ќе се фокусира на начинот на кој феминистичката и родовата теорија можат да се преведат во конкретна општествена и политичка пракса. Наместо теоријата да се сфаќа како апстрактен академски систем, ќе се обидеме таа да ја  разбереме како метод на критичко размислување и делување, кој ни помага да ја препознаеме и трансформираме реалноста која ја живееме.

Почетна точка се неколку клучни концепти на родовите студии, како еднаквост, интерсекционалност, патријархат, идеологија и моќ. Преку нив ќе се разгледа како функционираат системите на нееднаквост и исклучување, и како овие поими можат да станат аналитички алатки за препознавање на скриените механизми на доминација во институциите, политиката и секојдневниот живот.

Овие концепти овозможуваат продлабочено разбирање на општествените структури и динамики што ги одржуваат нееднаквоста и исклучувањето. Заедно, тие создаваат аналитичка рамка преку која можеме да ги разоткриеме механизмите на моќ, но и да замислиме начини на нивно надминување. Токму преку нивното поврзано читање се развива феминистичка перспектива што препознава различни облици на угнетување и нивната меѓусебна испреплетеност, поттикнувајќи солидарни, креативни и трансформативни форми на дејствување во јавниот и приватниот простор.

Во вториот дел од предавањето ќе се отвори прашањето: како овие теориски концепти стануваат двигатели на промена? Преку примери од активизмот, уметноста, образованието и јавните политики ќе се покаже како феминистичката теорија може да се претвори во практика на отпор, грижа и трансформација.

Целта е да се осветли феминизмот како критичка и креативна сила што не само што ја оспорува постојната нееднаквост, туку и отвора можности за создавање поинакви светови, порамноправни, послободни и поприпадни.

Сесијата е замислена како интерактивно предавање во времетраење од 60 минути, кое ќе ги комбинира теориските поими со практични примери и прашања за заедничко размислување. По предавањето ќе следи 30-минутна отворена дискусија, во која учесниците ќе имаат можност да ги поврзат концептите со сопствените искуства, контексти и форми на дејствување.

***Литература:***

Антиас, Флоја и Нира Јувал-Давис. „Ставајќи го феминизмот во контекст-родови, етнички и класни поделби.“ Во Колозова, Катерина (ур.) *Хрестоматија на класични текстови од областа на родовата теорија*. Скопје: Евробалкан Прес: 2002.

Митиќ, Петра. *Зошто феминизам? Феминистичка теорија и проблем идентитета у склопу критичких парадигми савременог доба* (Уместо закључак стр 377-403)

**ВИКТОРИЈА БОРОВСКА**

*Феминистички перспективи на мајчинството*

Предавањето ќе даде увид на феминистичките аспекти на мајчинството и родовата перспектива кон промените кои настануваат кај улогите на мајчинство и татковство. Во предавањето ќе бидат прикажани мајчинство како институција и мајчинство како искуство.

Особен фокус ќе биде даден на идеолошките аспекти на митовите на мајчинстото како што се митот за „добра мајка“ и мајчинскиот инстинкт. На предавањето ќе бидат прикажани и наоди од истражување на оваа тема.

Воедно ќе биде направен пресек со социјални конструкции кон жените кои немаат деца. Како посебен дел на ова предавање ќе бидат опфатени и општествеинте аспекти на постпородилната депресија со посебен осврт на феминистичките теории за постпородилната депресија – зошто таа не е само медицински термин.

Покрај овие аспекти на мајчинството, на предавањето ќе стане збор и за феминистичката проценка на репродуктивните технологии и медикализацијата при породувањето.

Феминистичките перспективи на мајчинството се занимаваат и со темата на феминизмот (женските репродуктивни права) и пронатализмот. Во овој дел ќе бидат обработени директните и индиректни пронаталистички политики, нивните особености и карактеристики.

Предложена литература:

Chodorow, N. 1999. The Reproduction of Mothering, Psychoanalysis and the Sociology of Gender. University of California Press, Berkley.

McMahon, M. 1995. Engendering Motherhood: Identity and Self-Transformation in Women's Lives. The Guilford Press,New York.

Боровска, В. 2022. Траектории на мајчинството: феминистичка перспектива и демистификација на идеологиите. Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки.

**АНА БЛАЖЕВА**

*Феминистичка перспектива кон кризата со менталното здравје*

Предавањето ќе одговори на прашањето зошто е важна феминистичката перспектива во разбирањето и справувањето со кризата на менталното здравје што ја живееме. Во предавањето ќе бидат прикажани феминистичките политики и стратегии што имаат за цел преиспитување на доминатните политички стратегии на владеење во контекст на различните кризи со кои сме соочени – особено климатската, социјалната и економската. Особен фокус на кризата на менталното здравје е насочена кон објаснување на тоа како настанува пресекувањето на социјалните и политичките динамики врз секојдневниот живот и искуства на луѓето преку афектите врз психичкото функцинирање и релациите. Во таа насока ќе биде направен пресек на афективните текови на современата феминистичка теорија и новите знаења од невронауките особено во насока на разбирање на релациската димензија на трауматското искуство. Системската траума се однесува на искуствата во социјален контекст кои ја загрозуваат потребата за сигурност, припаѓање и достоинство и се резултат на повторена злоупотреба, потчинување, лишување преку системски ограничувања, сегрегација, ограничен пристап и сл. Искуствата на системска траума се третирата како еден од централните извори на стресот, анксиозноста и трауматизацијата, иако и бројни други индивидуални и средински фактори придонесуваат кон контекст кој е неповолен за нивното севкупно здравје и добросостојба. Во предавањето преку феминистичките интервенции и политиките на грижа ќе понудиме перспективи и можности за поинаков одговор и справување со предизвиците на менталното здравје што ги живееме

***Литература:***


Cozolino, L. J. 2010. *The Neuroscience of Psychotherapy: Healing the Social Brain*. New York: W.W. Norton & Co.

Fraser, Nancy and Alex Honneth. 2003. *Redistribution or Recognition: A Political- Philosophical Exchange*. London: Verso.

Haines, Staci K. 2019. *The Politics of Trauma: Somatics, Healing, and Social Justice*. Berkeley CA:  North Atlantic Books.

Wetherell, Margaret. 2012. *Affect and Emotion: A New Social Science Understanding*. London: SAGE Publications Ltd.

## ЗА ПРЕДАВАЧИТЕ

**КАТЕРИНА КОЛОЗОВА** е директорка на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и професорка по филозофија, епистемологија и студии за родот на ИОХН-Скопје, како и на Универзитетот Американ Колеџ, Скопје. Професорка е и на Техничкиот универзитет во Виена (АТТР) и визитинг-професорка на Државниот универзитет во Аризона – Центар за филозофски технологии. Таа била професорка на неколку универзитети во Југоисточна Европа, иако најактивно и до денес предава на ФМК-Белград, со редовен предмет на постдипломските студии по критичка политичка филозофија каде феминизмот и родот се една од нејзините централни теми. Во 2009 година, Колозова беше гостин-истражувач на Одделот за реторика (Програма за критичка теорија) на Универзитетот во Калифорнија-Беркли, под менторство на проф. Џудит Батлер. Катерина Колозова беше гостин-истражувач на Универзитетот Колумбија од Њу Јорк (Columbia University) -SIPA во неговиот Париски глобален центар во 2019 година, каде се занимаваше со анализа на прашања за авторитаризам и родовата еднаквост во Европа. Авторка е на книгите: Cut of the Real: Subjectivity in Poststructuralist Philosophy (Columbia University Press, 2014), Toward a Radical Metaphysics of Socialism: Marx and Laruelle (Brooklyn New York: Punctum Books, 2015), After the ‘Speculative Turn’: Realism, Philosophy, and Feminism (ко-авторка, Brooklyn New York: Punctum Books 2016) и Capitalism’s Holocaust of Animals: Non-Philosophical Critique of the Automata of Capital and Patriarchy (London UK: Bloomsbury Academic, 2019) и Defending Materialism: The Uneasy History of the Atom (со Пол Кокшот и Грег Мајклсон), објавена од Bloomsbury Academic UK во 2024 година. Нејзините статии и поглавја објавени во последните неколку години се: Поглавје 9 „Poststructuralism“ во Oxford Handbook for Feminist Philosophy (Oxford UK: Oxford University Press, 2021), и со-уредничка со Вера Булман на специјалното издание за технологија и феминизам („Techne and Feminism“) на меѓународно реномираното списание Technophany објавено во 2023 година.

**ИРЕНА ЦВЕТКОВИЌ** е доктор од областа на родовите студии. Како млад истражувач работела на многу истражувачки проекти од областа на социологијата, родовите студии и медиуми. Беше авторка на општествено ангажираниот блог Фемгерила, а потоа и колумнистка во дневниот весник Дневник. Таа е активистка за човековите права на маргинализираните заедници, а особено се бави со активизам за правата на ЛГБТ лицата, корисниците/чките на дроги и сексуалните работници/чки. Активна е во неколку формални и неформални активистички здруженија.

**ВИКТОРИЈА БОРОВСКА** е програмски директор и научен советник/редовен професор при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Таа е доктор на социолошки науки. Работела на многу истражувачки проекти од областите на општествените и хуманистички науки. Дел од овие проекти и работни позиции биле: Истражувач на проектот: Независна контекст анализа за 2014-2019; Координатор и истражувач од македонскиот партнер од регионалниот проект: „Религијата во општествата од Западен Балкан", Истражувач на проектот: Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање и Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмските концепти и содржини; Истражувач и координатор на истражување на јавното мислење за проектот: „Истражување за родова еднаквост во општините од Полошкиот регион како дел од прекуграничниот родов меинстриминг", Истражувач на проектот: „Проектот Скопје 2014 и неговите ефекти врз перцепцијата на граѓаните на Скопје за македонскиот идентитет"; Истражувач на проектот: „Етничка и родова инклузивност во ЛГБТИ движењето во Македонија"; Обучувач на обуките организирани од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје: „Родовата еднаквост како општествена вредност и креирањето политики за нејзино воведување во праксата на институциите и општеството ",Истражувач во проект од седмата рамковна програма на европска Комисија ФП 7 „Род, миграции и интеркултурни односи (Ge.M.I.C).

**АНА БЛАЖЕВА,** виш научен соработник/вонреден професор на Институтот за општествени науки и хуманитарни науки – Скопје. Дипломирала психологија, завршила магистерски студии по социологија и род и докторирала на студии на култура.

Предава квалитативна методологија на истражување и изборни предмети: родови политики; и емоции и политика. Нејзиното истражувачко искуство е во областите на политиките, родот, медиумите, социјалното вклучување, образованието, младите и др. Таа има објавено извештаи од истражувања, анализи на политики, академски трудови и прирачници. Нејзиниот интерес е интердисциплинарен пристап кон емоциите и политиката и социо-политичките аспекти на менталното здравје.

Таа е исто така сертифициран психотерапевт и работи во приватна пракса како дел од Асоцијацијата за психологија и психотерапија – Психотерапика и како тренер во Гешталт Институт – Синергија, Скопје.

